Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

# КОЛКУ ЧИНИ НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА КОИ НЕ СЕ СПОСОБНИ САМОСТОЈНО ДА ГИ ИЗВРШУВААТ ОСНОВНИТЕ ЖИВОТНИ ПОТРЕБИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА



# I. ВОВЕД

Целта на оваа анализа е да се направи проценка на севкупната оптовареност на домаќинствата за негата и грижата за полнолетните лица кои не се способни самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, како резултат на хронична прогресивна болест, инвалидитет или старост.

За таа цел во документот се анализирани две главни прашања: користење на времето за давање неплатена нега од страна на примарниот давател на нега во домаќинството и финансиските трошоци поврзани со негата на лицето.

Дополнително беа анализирани и социо-економските и демографските карактеристики на домаќинствата.

Анализата е подготвена со цел да послужи како основен документ за застапување базирано врз докази, чија основна цел е да се унапреди негата на овие лица и да се унапредат социо-економските услови на семејствата што им даваат нега на овие лица во нивните домаќинства.

Податоците беа прибрани од 19 ромски домаќинства што обезбедуваат нега на возрасни лица со сериозни хронични заболувања, лица со инвалидитет или стари лица. Интервјуираните лица одговараа на прашања на следните теми: услови за домување, демографски и социо-економски податоци поврзани со домаќинството и со лицата што беа интервјуирани, како и за влијанието што го има обезбедувањето на негата врз домаќинството. Во секое домаќинство беа идентификувани примарните даватели на нега [1] и овие лица пополнија прашалник за користење на времето за претходниот ден, земајќи предвид дека денот за кој беше пополнет прашалникот претставува типичен обичен ден од животот на овие лица.

Причината поради која беа селектирани ромски домаќинства е поради тоа што повеќето од нив живеат во неповолни социо-економски услови и не се во можност да ги платат трошоците за сместување на лицата на кои им е потребна долгорочна нега во јавна установа, ниту пак да платат за друг вид нега. Поради тоа кај Ромите е поголема веројатноста да се грижат за овие лица во своите домаќинства за разлика од другите етнички заедници.

Податоците што се однесуваат на негата беа земени од лицата примарни даватели на нега во домаќинството.

За дополнителни информации околу методологијата и начинот на обработка на податоците можете да се обратите во Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ **(www.esem.org.mk).**

# II. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА ПРИМАРНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА НЕГА

## ПОЛ

Во однос на полот, 15 (петнаесет) од примарните даватели на нега се жени, додека 4 (четворица) се мажи.

Повеќето од примарните даватели на нега се од женски пол. Не е забележана значителна разлика за времето што го посветуваат на давање нега помеѓу примарните даватели на нега од машки и од женски пол. Односно, просечното време посветено на негата кај жените изнесува 313 минути, додека кај мажите 326 минути во рамки на 24 часа.

## ВОЗРАСТ

**Мнозинството од примарните даватели на нега се во возрасна група на работоспособно население.**

Просечната возраст на примарните даватели на нега изнесува 44,5 години и 16 од 19-те даватели на нега ѝ припаѓаат на возрасната група на работоспособно население (односно се на возраст од 18 до 59 години). На оваа возрасна група ѝ припаѓаат 13 од жените даватели на нега, при што најмладата жена има 18 години, а највозрасната има 59 години. Во истата возрасна група припаѓаат тројца мажи даватели на нега, кои се на возраст од 50, 55 и 56 години.

Три лица од примарните даватели на нега се на возраст над 62 години, а најстарото лице има 67 години. На оваа возрасна група ѝ припаѓаат две жени, на возраст од 62 и 64 години, и еден маж, на возраст од 67 години.

[1] Како примарни даватели на нега беа идентификувани оние лица од семејството коишто посветуваат најмногу време во однос на негата и грижата за полнолетните лица кои не се способни самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, како резултат на хронична прогресивна болест, инвалидитет или старост.

## РАБОТЕН СТАТУС

**Само четири лица од примарните даватели на нега работат платена работа, од кои едно лице е вработено, додека три лица работат во неформалниот сектор.** Платена работа извршуваат само две лица од женски пол (од вкупно 15 лица примарни даватели на нега од женски пол) и две лица од машки пол (од вкупно 4 лица примарни даватели на нега од машки пол).

# III. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА

## ДОМУВАЊЕ

Повеќето од семејствата живеат во соодветни услови за домување.

Половина од семејствата (10 семејства) живеат во дел од куќа изграден од цврст материјал, пет семејства живеат во индивидуална куќа изградена од цврст материјал, додека две семејства живеат во стан во станбена зграда. Две семејства живеат во несоодветни услови, односно во живеалишта што не се изградени од цврст материјал.

Мнозинството од домаќинствата водата за пиење ја добиваат од водоводна мрежа. Имено, 16 семејства имаат водовод внатре во живеалиштето, две семејства имаат водовод надвор во дворот, додека едно семејство водата за пиење ја црпи од бунар што е надвор од нивното живеалиште.

Отстранувањето на отпадните води исто така е соодветно кај повеќето од домаќинствата. Имено, 16 домаќинства се приклучени на канализациона мрежа, едно домаќинство користи септичка јама, меѓутоа две домаќинства за отпадните води користат самостојно ископани дупки во нивните дворови.

Мнозинството од семејствата имаат соодветни услови за домување, а само две семејства живеат во доста неповолни услови за домување. Несоодветните услови за домување влијаат врз дополнително отежнување на работата на неплатената нега за возрасно лице што има потреба од неа. На пример, несоодветните материјали од кои е изградено живеалиштето, како и отежнатиот пристап до чиста вода за пиење и до соодветна санитација ја зголемува веројатноста за несоодветна хигиена (како и појава на заразни заболувања), а во исто време му ја отежнува работата на примарниот давател на негата да ја одржи соодветната хигиена (на пример потребно е да носи вода од друго место и во ограничени количини).

## ПРИХОДИ

Главен извор на приходи за повеќето домаќинства претставува паричната помош од социјалната заштита.

Главен извор на приходи за речиси половина од домаќинствата (девет домаќинства) претставува паричната помош од социјалната заштита, потоа следуваат пензиите кај шест домаќинства и плати кај само три домаќинства, додека приходите на едно домаќинство зависат од средствата што им ги испраќаат роднините од странство. Просечниот месечен приход во домаќинствата што беа предмет на истражувањето изнесува 8 366,00 денари. За споредба, вкупните расположливи средства во просек по домаќинство, на национално ниво во 2014 година, изнесувале 28 024,00 денари [2], што е повеќе од три пати повисоко од приходите на домаќинствата предмет на истражувањето.

# IV. ИСКОРИСТЕНО ВРЕМЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НЕГА

Во просек, примарните даватели на нега обезбедуваат нега пет часа во текот на едно денонокие (24 часа) или речиси 37 часа неделно, што е речиси подеднакво со работните часови на вработените лица со полно работно време (40 часа неделно).

Времето искористено за нега кај поединечните даватели на нега се движи од 3,5 до 7 часа во текот на едно денонокие (24 часа). Во просек, примарните даватели на нега, за обезбедување на негата, посветуваат 22 % од времето во текот на 24 часа (Графикон бр. 1).

[2] Извор: Државен завод за статистика: http://www.stat.gov.mk/KlucniIndikatori.aspx

## КОРИСТЕЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО ПРОСЕЧЕН ДЕН НА ПРИМАРНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА НЕГА - ВКУПНО (МАЖИ И ЖЕНИ)




**Графикон бр. 1. Искористено време за различен вид активности во рамки на 24 часа на примарните даватели на нега во просечен ден (прикажано во проценти)**

Вистинското време искористено за нега дури е и поголемо од пресметаното, бидејќи во повеќето случаи давателите на нега кога ја даваат негата во исто време извршуваат и други активности во домот што не се поврзани со негата. Во овие случаи времето посветено на негата се пресметува како дел од дадениот временски период, додека во реалноста давателот на негата всушност обезбедува нега во целиот временски период. Давателите на нега подеднакво во текот на седум дена од неделата, ја обезбедуваат негата, без значителни разлики помеѓу работните денови и деновите од викендот.

Давателите на негата, негата ја обезбедуваат во текот на 24 часа, поделено во пократки временски периоди. Тоа значи дека работата на давање нега во домот е значително различна од редовната работа, бидејќи лицето не е ангажирано со фиксен период во денот, туку е посветено на давање нега целиот ден, а повеќето од нив обезбедуваат нега и во текот на ноќта. Оваа состојба, кога негата се обезбедува во текот на целиот ден и ноќта, им отежнува на давателите на нега да им посветат време и на другите активности, вклучително и на активности што би носеле приход во семејството.

Во однос на тоа колку долго ја обезбедуваат негата, просечното време изнесува 7,8 години, при што најкраткиот период изнесува една година, а најдолгиот период 31 година.

# V. ВРЕДНОСТ НА ОБЕЗБЕДЕНАТА НЕГА

**Неплатената работа за нега во домаќинствата е клучна, бидејќи го надоместува недостигот од капацитети за долгорочна нега во здравствениот систем.**

Капацитетот, односно вкупниот број болнички постели во одделите за нега и во домовите за стари лица во 2013 година во Македонија изнесувал 930 или 44,8 на 100 000 население [3]. Поголемиот дел од овие постели (534 постели) се во приватни установи [4], кои поради цената на чинење не се достапни за голем дел од населението, а особено за Ромите. Најголемата јавна здравствена установа во Македонија што обезбедува долготрајна нега за стари лица, за лица со хронични прогресивни заболувања и палијативна нега за лица во терминални стадиуми од болеста е Геронтолошкиот завод „13-ти Ноември“ во Скопје, каде има капацитет од 275 постели [5]. Другите постели се дистрибуирани во болнички јавни здравствени установи што имаат помали оддели за долготрајна нега. Јавните здравствени установи нудат нега во домашни услови, што е доста лимитирана и се спроведува преку посети од страна на медицински персонал, само во Скопје, меѓутоа нема служба што обезбедува подолготрајна нега во домот.

**Проценетата вредност на работата на неплатена нега од страна на еден примарен давател на нега изнесува 262 947,00 денари на годишно ниво или 21 912,00 денари месечно.**

Со цел да се направи процена за тоа колку вреди неплатената работа за нега на тешко болно, хендикепирано или старо лице, пресметките беа направени врз основа на годишната бруто заработувачка на лицата што се вработени во формалниот сектор класифицирани во подгрупата „занимања за лична нега и сродни занимања“ според класификацијата ISCO 08 [6] (главна група 5, подгрупа 53), како категорија што е најблиска до работата што ја вршат неплатените даватели на нега во домаќинствата.

Годишната бруто заработувачка на лицата вработени во формалниот сектор што вршат дејност „занимања за лична нега и сродни занимања“ во 2014 година во Македонија изнесувала 262 947,00 денари или приближно 21 912,00 денари месечно [7]. Земајќи предвид дека примарните даватели на нега во просек обезбедуваат нега во домаќинството 37 часа во текот на неделата (приближно со работните часови на лицата вработени со полно работно време во формалниот сектор), вредноста на нивната работа е еднаква на примањата на лицата од оваа категорија.

**Со тоа што обезбедуваат нега во домот, примарните даватели на нега придонесуваат домаќинството да не мора да се изложува на дополнителни трошоци во опсег од 9 000 до 15 000 денари месечно.**

Преку обезбедување нега, примарните даватели на нега придонесуваат кон тоа семејството да не се изложува на дополнителни трошоци. Имено, лицата при анкетирањето изјавија дека цената да се ангажира лице што би вршело нега во домот (во просек осум часа дневно) на месечно ниво изнесува помеѓу 9 000 до 12 000 денари. Доколку лицето е сместено во јавна установа за долготрајна нега, семејството треба да плати износ од околу 15 000 денари месечно (со напомена дека во таа сума се вклучени и трошоците за исхрана, перење на облеката и постелнината, лекови и сл.). Цените, пак, во приватните установи за сместување и нега се многу повисоки и на месечно ниво започнуваат од 22 000 денари и се движат нагоре, повторно вклучувајќи ги и другите услуги (храна, перење на постелнина и алишта и сл.).

[3] Извор: Светска здравствена организација “Health for all”, база на податоци.

[4] Source: Министерство за труд и социјална политика – Листа на приватни установи за социјална заштита на стари лица.

[5] Институт за јавно здравје на Република Македонија. *Здравствена карта на Република Македонија 2012 година, I дел, Состојби во Република Македонија.* 2013.

[6] International Standard Classification of Occupations.

[7] Source: Republic of Macedonia, State Statistical Office. *Structure of earnings of employees, 2014.* 2015.

# VI. ВИД НЕГА ШТО ЈА ОБЕЗБЕДУВААТ ПРИМАРНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА НЕГА

**Видовите нега што ја обезебедуваат примарните даватели на нега се слични помеѓу сите интервјуирани лица и сите од нив обезбедуваат повеќе видови нега.**

Сите лица изјавија дека ги обезбедуваат следните видови нега: практична помош, како што се подготовка на оброци, перење алишта, чистење и пазарење; лична нега, како што се помош при бањање, миење, облекување, јадење, помош при користење на тоалет или менување пелени; нега поврзана со медицински интервенции, како што се помош на лицето да ги земе препишаните лекови (како орални така и инјекции), промена на преврски на рана, масажи и раздвижувања, промена на кесички за колостома и сл.

Единаесет лица од примарните даватели на нега му помагаат на лицето при движење внатре во домаќинството и надвор од домаќинството.

Осум лица од примарните даватели на нега му даваат емотивна поддршка, мотивација или му помагаат на лицето во социјализацијата.

Само еден од примарните даватели на нега му обезбедува помош на лицето да пристапи кон услугите за здравствена заштита, а ниту еден не изјави дека му помага на лицето околу административните процедури. Сепак, бидејќи податоците од страна на примарните даватели на нега беа дадени само за еден ден, ова не значи дека давателите на нега не ги обезбедуваат и овие видови нега во други периоди.

# VII. НА КОИ ЛИЦА ИМ ЈА ДАВААТ НЕГАТА?

Лицата за кои ја обезбедуваат негата најчесто се нивните родители, свекор или свекрва и брачни партнери.

# VIII. ЗНАЕЊА ПОВРЗАНИ СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НЕГА

**Само половина од примарните даватели на нега добиле информации поврзани со негата на лицето од формални извори. Главен извори на информации е медицинскиот персонал од здравствената установа каде што лицето се лекува (во болничка или специјалистичко консултативна здравствена заштита).**

Како што беше наведено претходно, сите примарни даватели на нега обезбедуваат и нега што е поврзана со специфични медицински постапки. Ниту еден од примарните даватели на нега нема формално медицинско образование, ниту пак посетувал каков било вид на обука или едукација поврзана со специфични медицински процедури. Сепак, и покрај тоа, половината од примарните даватели на нега никогаш не добиле никакви информации поврзани со негата, а другата половина од давателите на нега изјавија дека информациите поврзани со негата на лицето ги добиле од медицинскиот персонал од болниците и амбулантите каде што лицето се лекува или пак од матичните лекари.

# IX. ВЛИЈАНИЕТО НА НЕГАТА

## Финансиско влијание

**Во просек домаќинството троши 3 563,00 денари месечно за трошоци поврзани со негата на лицето.**

Овие трошоци се поврзани со набавка на потребните лекови, медицински материјали и други набавки што се поврзани со негата на лицето. Овие трошоци во просек изнесуваат 42 % од просечниот месечен приход на домаќинствата што се предмет на анализа.

## Лично влијание

**Примарните даватели на нега користат значителен дел од времето за да им дадат соодветна нега на полнолетни лица што не се способни самостојно да ги извршуваат основните животни потреби. Поголем дел од давателите на нега исто така извршуваат и друга неплатена работа во домаќинствата. Сето тоа значително влијае врз другите сфери од нивниот живот.**

Сите примарни даватели на нега остваруваат и друга неплатена домашна работа, додека седум од нив, исто така, се грижат и за децата (нивни деца, внуци или деца од нивните браќа или сестри). Жените примарни даватели на нега им посветуваат значително повеќе време и на другите неплатени активности во домот за разлика од мажите примарни даватели на нега (Графикони бр. 2 и бр. 3).

## КОРИСТЕЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО ПРОСЕЧЕН ДЕН НА ПРИМАРНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА НЕГА – ЖЕНИ




**Графикон бр. 2. Искористено време на жените примарни даватели на нега за различен вид активности во рамки на 24 часа во просечен ден (прикажано во проценти)**

## КОРИСТЕЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО ПРОСЕЧЕН ДЕН НА ПРИМАРНИТЕ ДАВАТЕЛИ НА НЕГА - МАЖИ




**Графикон бр. 3. Искористено време на мажите примарни даватели на нега за различен вид активности во рамки на 24 часа во просечен ден (прикажано во проценти)**

**Обезбедувањето нега влијае врз можноста на примарните даватели на нега да работат и финансиски да придонесуваат во домаќинството.** Иако шеснаесет лица од примарните даватели на нега се во работоспособна возраст, сепак само четворица од нив работат и тоа само едно лице е формално вработено, а три лица работат во неформалниот сектор. Претходните истражувања [8] покажуваат дека приближно 20 % од ромските домаќинства зависат од работата во неформалниот сектор (чистење на домаќинства, улични продавачи, собирање на отпаден метал и пластика, работа како музичари и сл.), со веројатност дека пријавената бројка е помала од реалната поради стравот да се пријави ваков вид работа. Истото истражување покажа дека само 11 % од Ромите се вработени во формалниот сектор. Времето поминато во неплатена работа

[8] Павловски Б., Антиќ Д., Фришчиќ Ј., Гелевска М., Мишев С., Касапинов Б. *Сите сме луѓе: секому здравствена заштита без разлика на етничката припадност.* Фондација Отворено општество - Македонија. 2014.

за нега на полнолетно лице, како и посветеноста што ја изискува негата во континуитет во периодот од 24 часа им оневозможува на примарните даватели на нега да се вработат во формалниот сектор или пак повеќе да се ангажираат во неформалниот сектор. Сето тоа ги оневозможува примарните даватели на нега да заработуваат и финансиски да придонесуваат во домаќинството. Состојбата со комбинираната неплатена работа (работата на нега и работата во домаќинството) во значително поголем обем ги засега жените примарни даватели на нега за разлика од мажите. На тоа укажува и податокот дека мажите примарни даватели на нега ѝ посветуваат повеќе време на платената работа за разлика од жените (Графикони бр. 2 и бр. 3).

**Обезбедувањето нега, особено имајќи предвид дека примарните даватели на нега вршат и друга неплатена или платена работа, значително влијае врз нивната можност да учествуваат во активности од општествениот живот или пак да следат медиуми.**

Посветеното време за општествен живот и за користење на медиуми е пократко кај жените примарни даватели на нега за разлика од мажите (Графикони бр. 2 и бр. 3).

## Родова перспектива

**Обезбедувањето неплатена нега претставува прашање поврзано со родовата еднаквост, бидејќи повеќе ги засега Ромките и со тоа влијае врз нивната можност да работат и да стекнат финансиска независност, меѓутоа исто така влијае и врз нивната можност да се вклучат во општествениот живот и во другите активности во заедницата.**

Претежно поради традиционалните практики, во ромските семејства обезбедувањето нега за лице од семејството е перципирано како обврска и должност на женските членови од семејството. Поради тоа вообичаено Ромките се грижат за болните лица, лицата со инвалидитет или старите лица во домаќинството.

# X. ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА

**Паричниот надоместок за помош и нега од друго лице обезбеден од страна на државата е доволен само да ги покрие основните трошоци поврзани со набавка на лекови и медицински материјали потребни за нега на лицето, меѓутоа не ги надоместува трошоците за работа поврзана со негата. Поради тоа сиромашните семејства се зависни од неплатената нега што ја обезбедуваат членови од семејството.**

Државата преку Министерството за труд и социјална политика обезбедува право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, целосно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба на кое му е неопходна помош и нега од друго лице поради тоа што не може само да ги извршува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи [9].

Во зависност од тежината на состојбата во која се наоѓа лицето, државата обезбедува два износа на паричен надомест: потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем и потреба од помош и нега од друго лице во помал обем. Месечниот износ за помош и нега во поголем обем изнесува 4 348,00 денари, додека месечниот износ за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 3 846,00 денари [10]. Дадениот износ од државата не е доволен ниту да се најми надворешно лице за да обезбедува нега во домот, ниту пак лицето што има потреба од нега да се смести во јавна установа за долготрајна нега.

Во 2012 година државата обезбедила паричен надоместок за помош и нега од друго лице за 25 444 лица. Исто така може да се забележи тренд на пораст во обезбедувањето на овој вид надоместок во периодот од 2008 до 2012 година, што може да укажува и на негова зголемена потреба (Графикон бр. 4).

[9] Извор: Министерство за труд и социјална политика: http://mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-paricen-nadomestok-za-pomosh-i-nega.nspx

[10] Ibid.




**Графикон бр. 4. Вкупен број на корисници на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице од државата на годишно ниво во периодот 2008 - 2012 година (Забелешка: за 2012 година прикажан е само периодот од 01 јануари до 31 мај).** *Извор: Министерство за труд и социјална политика.*

Единаесет од интервјуираните даватели на нега изјавија дека примаат паричен надоместок за помош и нега од друго лице од страна на државата. Половина од овие лица примаат паричен надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем, додека половина примаат паричен надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем. Сепак, во однос на времето што го посветуваат на негата, постои минимална разлика помеѓу давателите на нега што примаат надоместок за помош и нега од друго лице за разлика од давателите на нега што не примаат надоместок (Графикон бр. 5). Двајца од примарните даватели на нега изјавија дека во минатото биле корисници на овој вид надоместок, меѓутоа тој им бил укинат, пред сè поради тоа што не биле во можност да ја обезбедат сета потребна документација, што се должи на фактот дека немале доволно финансиски средства за обезбедување на документацијата. Сето погоре наведено укажува на фактот дека постојат многу лица на кои им е потребен ваков вид надоместок, меѓутоа не го добиваат истиот.






**Графикон бр.5. Искористено време за нега (во минути) во тек на 24 часа поделено според тоа дали лицата се приматели на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице од државата**

## ПРЕПОРАКИ

• Државата треба да го зголеми износот на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице, најмалку до износот на минималната месечна нето плата исплатена во Македонија, со цел да го намали товарот што го создава работата поврзана со негата на полнолетни лица врз членовите на семејството, пред сè врз жените.

• Државата треба да воведе служби за обезбедување нега во домашни услови за лицата што не се способни самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, како резултат на хронична прогресивна болест, инвалидитет или старост.

• Државата треба да обезбеди структурирани форми на едукација за лицата што даваат неплатена нега во домаќинствата.

• Постои потреба за опсежно истражување на национално ниво со цел да се процени вистинската застапеност на работата на неплатена нега во домаќинствата за полнолетни лица што не се способни самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, како и да се процени нејзиното влијание што го има врз семејствата и врз давателите на нега.



Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА